

# КАКО УЧИЛИШТЕТО ДА ГО ПОДДРЖИ КАРИЕРНИОТ РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ?

## ЗОШТО ПРОФЕСИОНАЛНИОТ И КАРИЕРНИОТ РАЗВОЈ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАДАР СЕ ВАЖНИ ЗА УЧИЛИШТЕТО?

За да може за едно училиште да се каже дека е добро треба постојано да постигнува добри резултати и да ја унапредува својата работа. За да се постигне тоа потребно е сите да учат и да се подобруваат. Кога се вели „сите учат" не се мисли само на учениците, туку и на вработените. Затоа, еден од условите кои се потребни за да биде едно училиште ефективно е да се грижи за кадарот и за неговиот професионален развој и напредување.

Професионалниот развој подразбира:

- учење
- подготвеност за промени
- подготвеност за решавање на специфични стручни проблеми
- промени во однесувањето и работата
- промени во процесот на поучување
- напредување на кадарот
- чувство дека личноста е почитувана и ценета на своето работно место.

**ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ** не се однесува само на акумулација на нови знаења, туку и нивна примена во практиката и подготвеност да се внесат промени во начинот на работа, во односот кон учениците, колегите и родителите, како и во начинот на комуникација кој се практикува во училиштето. Тој воедно води и кон кариерно напредување на воспитно-образовниот кадар.

Гордост е за секое училиште во своите редови да има наставници кои покажале висока професионалност и посветеност на својата работа и заслужиле да напредуваат во својата професија.

Тие треба да бидат забележани и поддржани од училиштето, затоа што со нивното напредување училиштето добива професионалци кои ќе бидат силна поддршка во професионалниот развој на своите колеги и ќе придонесуваат за напредокот на целото училиште. Овие наставници, не само што ги поседуваат основните професионални компетенции, туку исполнуваат и поголем дел од стандардите за напредување во звање ментор или советник. Со самото тоа, тие, всушност, и се препознатливи во училиштето како луѓе кои се издвојуваат по многу нешта, особено во поглед на начинот на работа и комуникација, посветеноста, практикувањето на соработката и поседувањето на високи етички вредности.

> *Добрите училишта се заинтересирани, мотивирани и ангажирани да ги поддржат своите наставници во нивниот професионален и кариерен развој.*

## КАКО УЧИЛИШТЕТО Е ВКЛУЧЕНО ВО ПРОЦЕСОТ НА КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ?

Во процесот на кариерен развој на наставниците проценувањето на исполнетоста на стандардите за напредување во звања се врши од неколку аспекти, при што за постигнатоста на одредени стандарди најсоодветно е проценка да врши училиштето.

За таа цел воспитно-образовниот кадар во училиштето треба да е запознаен со:

- Основните професионални компетенции кои треба да ги поседува наставникот
- Професионалните стандарди за наставник-ментор
- Професионалните стандарди за наставник- советник

Проценката од училиштето се прави за оној наставник кој се подготвува и се пријавил за напредување во звање. За да се обезбеди транспарентност на целиот процес и да се добијат информации кои ќе бидат доволно веродостојни, училиштето треба да ги вклучи сите чинители на воспитно-образовниот процес. Својата проценка училиштето ја базира врз информации добиени од четири извори:

- од родители
- од ученици
- од наставници
- училишна документација.

## КАКО СЕ СПРОВЕДУВА ПРОЦЕСОТ НА ПРИБИРАЊЕ ИНФОРМАЦИИ?

Информациите од учениците, родителите и наставниците се прибираат со помош на анкета, при што:

- Анкетата со учениците и со наставниците ја спроведува тимот за професионален развој.
- Анкетата со родителите ја спроведува тим од Советот на родители.

*За наставниците од одделенска настава во основно училиште* анкетата со учениците и родителите се спроведува во паралелката којашто ја води наставникот.

Кај учениците од прво и второ одделение се реализира во вид на разговор со сите ученици во однос на прашањата содржани во анкетата и се водат забелешки.

*За наставниците кои предаваат во предметна настава во основно училиште и во средно училиште* анкетата со ученици и родители се спроведува во паралелките во кои наставникот предава во тековната година, со тоа што од секоја паралелка анкетата ја добиваат 20% од вкупниот број ученици на кои наставникот им предава и ист процент на родители, по случаен избор.

За подрачјето **КОМУНИКАЦИЈА И СОРАБОТКА СО СЕМЕЈСТВОТО И ЗАЕДНИЦАТА** како извор на информации ќе се користи и училишната документација – Годишен извештај за работата на училиштето, информатори за разни настани, како и евиденцијата на наставникот за остварена соработка.

Пополнетите анкетни листови треба да се чуваат и да се достапни за увид.

## КАКО ДА СЕ ИЗВРШИ ПРОЦЕНКА НА ИСПОЛНЕТОСТА НА СТАНДАРДИТЕ?

При проценката на исполнетоста на стандардите неопходно е да се настапува објективно и непристрасно. Во интерес на училиштето е да напредува оној наставник кој навистина ги постигнал стандардите за определено звање, затоа што тоа не е само признание за наставникот, туку и негова обврска понатаму со уште поголема посветеност, одговорност и иницијативност да се вложи во развојот на училиштето. Воедно, наставниците, учениците и родителите треба да се убедени дека навистина напредува најдобриот, со што се обезбедува поддршка на целиот процес на кариерно напредување.

За таа цел, откако тимовите ќе ги обработат податоците од секоја анкета поединечно, на истите треба да направат вкрстување и заедно, врз основа на вака обработените податоци, да ја оценат исполнетоста на стандардите.

## ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ ЗА ИСПОЛНЕТОСТА НА СТАНДАРДИТЕ КОИШТО ГИ ПРОЦЕНУВА УЧИЛИШТЕТО

| | АНКЕТА СО | | | ДРУГИ ИЗВОРИ |
|---|---|---|---|---|
| | УЧЕНИЦИ | РОДИТЕЛИ | НАСТАВНИЦИ | |
| **ПОУЧУВАЊЕ И УЧЕЊЕ** | | | | |
| Ја прави наставата интересна и поттикнува интерес кај учениците за учење на наставниот предмет. | ✓ | ✓ | | |
| Ги информира родителите за напредокот на нивното дете, редовно и квалитетно. | | ✓ | | |
| Ги сослушува и почитува ставовите, мислењата и интересите на учениците. | ✓ | ✓ | | |
| **СОЗДАВАЊЕ СТИМУЛАТИВНА СРЕДИНА ЗА УЧЕЊЕ** | | | | |
| Ја почитува личноста на ученикот, ја поттикнува и развива неговата самодоверба и самопочитување. | ✓ | ✓ | | |
| Користи соодветен стил на комуникација со учениците. | ✓ | ✓ | | |
| Придонесува за создавање позитивна училишна клима и комуникација. | ✓ | ✓ | ✓ | |
| **СОЦИЈАЛНА И ОБРАЗОВНА ИНКЛУЗИЈА** | | | | |
| Ги подготвува учениците да ги прифатат децата од ранливи групи и децата со посебни образовни потреби. | ✓ | ✓ | | |
| **КОМУНИКАЦИЈА И СОРАБОТКА СО СЕМЕЈСТВОТО И ЗАЕДНИЦАТА** | | | | |
| Комуницира со семејствата на соодветен начин со почит и внимание. | | ✓ | | |

| | АНКЕТА СО | | | |
|---|---|---|---|---|
| | УЧЕНИЦИ | РОДИТЕЛИ | НАСТАВНИЦИ | ДРУГИ ИЗВОРИ |
| Развива ефективна соработка со семејствата и членовите на заедницата во работата на училиштето.<br>*За наставниците по стручни предмети и практична настава:*<br>Комуницира со локалната средина, социјалните партнери и други релевантни институции во државата и во странство. | | ✓ | | ✓ Годишен извештај<br>✓ Евиденција на наставникот за остварена соработка |
| Ја подобрува соработката на училиштето со семејството и локалната заедница.<br>*За наставниците по стручни предмети и практична настава:*<br>Соработува со работодавачи за реализирање на практична обука. | | | | ✓ Годишен извештај<br>✓ Евиденција на наставникот за остварена соработка |
| **ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА** | | | | |
| Ја почитува професионалната етика и одговорно се однесува кон задолженијата и кон колегите. | | ✓ | ✓ | |
| Промовира колегијални односи и соработува со колегите. | | | ✓ | |
| Промовира и практикува модели на етичко однесување во сите видови на професионална комуникација (со учениците, колегите и пошироката заедница). | ✓ | ✓ | ✓ | |

При спроведувањето на анкетата треба да се води сметка прашањата да даваат доволно информации кои се однесуваат на компетенциите што наставникот треба да ги поседува.



**РОДИТЕЛИТЕ ТРЕБА ДА БИДАТ ПРАШАНИ:**

- Дали знаат што прави наставникот за да ја направи наставата интересна за учениците?
- Како наставникот се однесува со нивното дете, дали комуницира со почит, дали покажува разбирање за неговите потреби, дали се однесува праведно кон него, дали го сослушува и почитува мислењето на учениците?
- Колку често добиваат информации од наставникот за напредокот на нивното дете?
- Каков е квалитетот на информацијата која наставникот им ја дава (дали содржи информација за она што е постигнато, за она што треба да се подобрува и насоки како родителот може да помогне)?
- Што прави наставникот за да бидат прифатени децата од ранливите групи во паралелката?
- Како наставникот комуницира со нив, дали комуникацијата се заснова врз почит и внимание?
- Дали се вклучени во активности кои наставникот ги реализира и на кој начин?

**УЧЕНИЦИТЕ ТРЕБА ДА БИДАТ ПРАШАНИ:**

- Што прави наставникот за да ја направи наставата интересна за нив и дали навистина им е интересна?
- Дали наставникот ги прашува за нивно мислење, предлози и дали ги вклучува во активностите?
- Што е тоа што им се допаѓа кај нивниот наставник, а не се однесува на неговиот изглед?
- Како наставникот разговара со нив, како им се обраќа, дали ги сослушува?
- Дали наставникот е правичен кон сите ученици (во однос на укажано внимание, вклучување во активности, дадена помош, оценување)?

**НАСТАВНИЦИТЕ ТРЕБА ДА БИДАТ ПРАШАНИ:**

- Што е карактеристично, препознатливо во однесувањето на нивниот колега, а влијае врз севкупната клима во училиштето?
- Како се однесува кон задолженијата?
- Каква е неговата комуникација со учениците, каква со родителите, а каква со колегите?
- Што е тоа што како етичка вредност го препознаваат кај својот колега?
- На кој начин соработува со останатите колеги?
- Како го промовира училиштето? Како придонесува за имиџот на училиштето?

Начинот на забележување и доставување на проценката од училиштето ќе биде пропишан од надлежните институции.



## РЕЛЕВАНТНИ ДОКУМЕНТИ

Закон за наставници

www.mon.gov.mk/images/documents/zakoni/zakon-za-osnovni-sredni-ucilishta.pdf

Основните професионални компетенции за наставници

www.bro.gov.mk/docs/pravilnici/Pravilnik%20za%20osnovnite%20profesionalni%20kompetencii%20na%20nastavnicite.pdf

Основни професионални компетенции и стандарди за наставник - ментор и за наставник - советник

http://bro.gov.mk/?q=mk/node/157

USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE

Проект за професионален и кариерен развој на наставниците

Биро за развој на образованието

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ